**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА**

# *ТУРИСТИЧКА ГЕОГРАФИЈА*

**I година**

## *УГОСТИТЕЛСКО ТУРИСТИЧКА СТРУКА*

***хотелско - туристички техничар***

**Скопје, 2005 година**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет:** ТУРИСТИЧКА ГЕОГРАФИЈА

**1.2. Образовен профил и струка**

1.2.1. Образовен профил: хотелско-туристички техничар
1.2.2. Струка: угостителско-туристичка

**1.3. Диференцијација на наставниот предмет**

1.3.1. Заедничкостручен предмет

**1.4. Година на изучување на наставниот предмет**

1.4.1. Прва година

**1.5. Број на часови на наставниот предмет**

1.5.1. Број на часови неделно (неделен фонд): 2 часа
1.5.2. Број на часови годишно (квота на изучувањето): 72 часа

**1.6. Статус на наставниот предмет**

1.6.1. Задолжителен предмет

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

Преку овој наставен предмет ученикот ќе стекне знаења и умеења од областа на туристичката географија, ќе се овозможи совладување на тесностручните содржини предвидени за образовниот профил хотелско-туристички техничар, ќе помогне во неговото понатамошно образование на повисоките образовни нивоа и ќе го оспособи за самообразование во угостителско-туристичката струка.

Посебните цели на овој наставен предмет се однесуваат на:

- ученикот да ги запознае елементите на туристичките движења и факторите кои ги условуваат тие движења;
- да стекне знаења за главните правци на туристичките движења во светот, најпознатите туристички регии и земји и нивните туристички вредности;
- да ги запознае туристичко-географските карактеристики на нашата земја, развојот на туризмот во неа и да го сфати неговиот придонес во општите стопански движења;
- да ги запознае вредностите на туристичките регии и на најафирмираните туристички места во нашата земја и да умее со успех да ги лоцира на географската карта на Република Македонија;
- да го сфати влијанието на туристичките движења врз трансформацијата на географската средина во нашата земја;
- кај ученикот да се поттикне љубов и грижа спрема природните убавини и културното наследство во нашата земја;
- да ги сфати опасностите од деградација и загадување на животната средина и да се формира позитивен став кај него за потребата од нејзината заштита и унапредување.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно совладување на содржините од предметот <u>туристичка географија</u> потребни се одредени предзнаења стекнати од географија и историја во основното образование и поседување основни способности за користење на географски карти различни по размер и содржина. Битно е ученикот да има стекнато картографска писменост за да може да се служи со географски карти како и извор на знаења и информации.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. Структуирање на содржините за учење

| **Тематски целини** | **Број на часов и** | **Конкретни цели** | **Дидактички насоки** | **Корелација меѓу темат. целини и меѓу предметите** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **1. ТУРИЗАМ И ТУРИСТИЧКА ГЕОГРАФИЈА** | **4** | - ученикот да го разбере поимот туризам;<br>- да сфати дека предмет на проучување на туристичката географија се туристичките движења;<br>- да знае дека туристичката географија ги проучува факторите што влијаат врз туристичките движења;<br>- да го одреди местото на туристичката географија во системот на туризмот. | - да го објасни поимот туризам;<br>- го одредува, местото на туристичката географија во системот на туризмот;<br>- ги нагласува факторите кои влијаат врз туристичките движења. | Географија во VIII одделение, содржина: Туризмот во Република Македонија. |
| **2. ЕЛЕМЕНТИ НА ТУРИСТИЧКИТЕ ДВИЖЕЊА** | **8** | - Да ги знае елементите на туристичките движења и да ја сфати нивната меѓусебна условеност и поврзаност;<br>- да ги расчленува рекреативните елементи; | - Ги одредува елементите на туристичките движења;<br>- дава примери;<br>- прикажува ше- | Тематска целина: Вовед во туристичката географија. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | -да сфати дека под културни елементи се подразбираат сите ефекти кои културно ја богатат човековата личност за време на едно туристичко патување;<br>- да ги наведе видовите просторни елементи и да ја знае нивната меѓузависност;<br>- да ги одредува контрактивните и дисперзивните туристички зони;<br>- да дава проценка за можностите на поврзување на туристичките места и атрактивноста на патувањата. | ми пред учени-<br>ците и врши<br>анализа на одре-<br>дени содржини. | |
| **3. ФАКТОРИ ЗА ТУРИСТИЧКИТЕ ДВИжЕЊА** | **8** | - Ученикот да ги групира факто-рите за туристичките движења според нивната улога и според обемот на влијанието;<br>- да ги разликува објективните и субјективните иницијативни фактори;<br>- да ги наведе основните групи рецептивни фактори;<br>- да ги знае атрибутите на туристичките мотиви;<br>- да ја сфати улогата на организационите и | - Ги објаснува факторите;<br>- демонстрира конкретни примери;<br>- дискутира,<br>- поставува проблемски прашања;<br>- тестира знаења на содржини од трите изучени тематски | Географија за VIII одделение.<br><br>Туристичка географија: Елементи на туристичките движења. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | комуникативно-посредничките фактори за туристичките движења. | целини. | |
| **4. ГЛАВНИ ПРАВЦИ НА ТУРИСТИЧКИТЕ ДВИЖЕЊА ВО СВЕТОТ И ТУРИСТИЧКО-ГЕОГРАФСКИ РЕГИИ ВО СВЕТОТ** | **28** | - Ученикот да сфати дека меѓународните туристички движења се еден од најосетливите барометри на економската, а особено на политичката ситуација во светот;<br>- да ја знае поделбата на меѓународните туристички движења, главните интерконтинентални и континентални правци на туристичките движења и нив со успех да ги покажува на географски карти;<br>- да ги знае природните карактеристики и културните вредности на Медитеранот и да се запознае со туристичката развиеност на земјите од европскиот Медитеран;<br>- да ги запознае вредностите на туристичките мотиви и одликите на туризмот во алпските земји;<br>- да ги знае специфичностите | - Ги објаснува главните правци,<br>- демонстрира,<br>- примери,<br>- дискутира,<br>- тестира знаења од обработената тематска целина,<br>- спроведува вежби на карти. | Географија на Европа (VI одделение).<br><br>Географија на воневропските континенти (VII одделение).<br><br>Општа историја (основно образование) и I година средно образование.<br><br>Биологија (зоологија и ботаника во основното образование). |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | на туристичката понуда на воневропските континенти;<br>- на географска карта со успех да ги одредува туристичките регии и земји во светот и да ги наоѓа најпознатите туристички места во нив. | | |
| **5. ТУРИСТИЧКО-ГЕОГРАФСКИ-КАРАКТЕРИСТИКИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** | **24** | - Ученикот да ги знае најважните природни и антропогени туристички мотиви во нашата земја, како и нивните атрибути;<br>- да добие претстава за перспективите за развој на туризмот во нашата земја и да го согледа влијанието на туризмот во трансформацијата на географската средина;<br>- да ја знае поделбата на македонскиот простор на туристички регии и на географска карта со успех нив да ги одредува;<br>- да умее да се служи со туристичка карта на Македонија. | - Ги објаснува туристичките мотиви,<br>- илустрира примери,<br>- анализира содржини,<br>- демонстрира конкретни примери,<br>- поставува прашања,<br>- создава проблемски ситуации. | Географија на Република Македонија (VIII одделение).<br>Историја во VIII одделение.<br>Хоризонтална корелација во содржините од претходната тематска целина. |

## 4.2. Наставни методи и активности на учење

Заради специфичниот карактер на содржините и целите што треба да се остварат преку предметот туристичка географија кој покрај теоретско-стручното има и стручно - практично значење, реализацијата на наставниот процес претпоставува примена на разновидни наставни форми (фронтална работа, работа во групи, парови и индивидуална работа). Во рамките на овие форми неопходна е примена на најразновидни наставни методи, односно постапки: објаснување, опишување, демонстрирање, работа на текст, дискусии, решавање на конкретни практични проблеми и сл. Во зависност од применетите наставни форми и методи, активностите на ученикот ќе се искажуваат преку: слушање, набљудување, вежбање, размислување, читање, дискутирње, дебатирање, истражување, откривање на законитости, посетување туристички регии и места, како и објектите во нив и слично.

Активностите на наставникот треба да се одвиваат во форма на објаснување, илустрирање, опишување, давање упатства, мотивирање и поставување на проблемски прашања. Посебно внимание се посветува на оганизацијата и реализацијата на стручни екскурзии во одделни туристички регии и места во нашата земја и надвор од неа.

## 4.3. Организација и реализација на наставата по туристичка географија

Образовно-воспитната работа по наставниот предмет туристичка географија се реализира во специјализирана училница или кабинет за стручно-теоретска настава. Практичната настава се остварува преку реализирање на стручно-теренска настава во одделни региони и посета на туристички места во нашата земја и надвор од неа.

## 4.4. Наставни средства и помагала

За поефикасно остварување на целите на наставниот предмет туристичка географија потребна е соодветна опрема, како: ТВ приемник, видео касети и видеорикордер, графоскоп и графофолии; ѕидни карти на Република Македонија и, одделно, на континентите, туристичка карта на Република Македонија, туристички проспекти од нашата земја и регии и земји, статистички прегледи и табели, шеми и други графичко-симболички прикази (за географската структура на странскиот туристички промет во нашата земја, за географската структура на домашниот туристички промет, за посетители и ноќевања по месеци на странски и домашни туристи за сместувачките капацитети по видови туристички места, за

просторните односи на туристичките движења според туристичките мотиви во нашата земја, за контрактивната и дисперзивната туристичка зона.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Следењето и оценувањето на постигањата на учениците треба да се врши плански, систематски и континуирано во текот на учебната година. Тоа се остварува во соработка со сите учесници во воспитно-образовниот процес. Се остварува преку усни проверки, писмени задачи, проверка и оценување на домашни задачи, тестови на знаења, преку изготвување на реферати, извештаи од теренска настава и сл.

Доколку ученикот не постигне резултати во реализирањето на конкретните цели на наставната програма се постапвуа согласно законската регулатива за средно образование.

Во текот на учебната година учениците се оценуваат со осум оценки, односно за секое тримесечје по две, а се утврдуваат полугодишни и годишни оценки.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставникот

Наставникот по наставниот предмет туристичка географија треба да ги поседува следните персонални, професионални и педагошки карактеристики: да е физички здрав, да го познава македонскиот литературен јазик и кирилското писмо, да нема говорни мани, да е комуникативен и отворен за соработка, да е соодветно професионално образован, со или без работно искуство, да ја сака наставната работа и да напредува во истата, да е добар организатор, да е креативен и способен за примена на иновации во својата образовно-воспитна работа.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Завршени студии по:

- географија, наставна насока или друга насока со здобиена педагошка, психолошка и методска подготовка.

**6.3. Стандард за простор**

Основно-воспитната работа по туристичка географија се реализира во специјализирана училница или кабинет, опремени со соодветни наставни средства и материјали. За поквалитетна реализација на наставната тема: “Туристичко-географски карактеристики на Република Македонија” неопходна е теренска настава во дел од македонскиот простор, односно еден од туристичките региони во нашата земја, како и неколку излети во блиската околина исполнети со стручни набљудувања на просторот и давање работни задачи на учениците.

# 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Датум на изработка:** мај 1999 година.
7.2. **Датум на превземање:** јули 2005 година
**7.2. Состав на работната група:**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Киро Петров | раководител | Биро за развој на образованието | Скопје | советник |
| 2. | Д-р. Александар Стоимилов | член | Природно математички факултет | Скопје | професор |
| 3. | Драги Ставревски | член | Биро за развој на образованието | Скопје | советник |
| 4. | Милица Добревска | член | ДСУТУ ,,Лазар Танев,, | Скопје | наставник по географија |

# 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 1. 09. 2005 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по предметот ***туристичка географија***, ја одобри министерот за образовани и наука.